Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр.-Nr. УП1 14-630
13.05.2019
Скопје - Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 126/16 и 127/16), министерот за образование и наука го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик по Стоматологија на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет – Република Македонија Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик по Стоматологија на Факултетот за стоматологија при Европски Универзитет – Република Македонија Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Европски Универзитет – Република Македониа Скопје се обрати со барање од 21.03.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-630 од 22.03.2019 година, за увид на фактичката состојба по однос на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик по Стоматологија на Факултетот за стоматологија, а по добиено Решение број 1409-383/4 од 18.03.2019 година за акредитација на студиската програма Стоматологија прв и втор циклус интегрирани студии на англиски јазик на Факултет за стоматологија при Европски Универзитет – Република Македонија Скопје, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-630 од 01.04.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.04.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-630 од 16.04.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на англиски јазик по Стоматологија на Факултетот за стоматологија на Европски Универзитет – Република Македонија Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Министер,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

Изработил: Билјана Анастасовска
Проверил: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti